НОВА МАКЕДОНИЈА
# Пензионерски видици
ПРИЛОГ ЗА ПЕНЗИОНЕРИ
Година II
број 21
29 Септември
2006 год.

## Иницијатива за пореално усогласување на пензиите

Деновиве до претседателот на Собранието на РМ Љубиша Георгиевски, до претседателот на Владата Никола Груевски и до министерот за труд и социјални работи Љупчо Мешков, СЗПМ достави иницијатива за пореално усогласување на пензиите.

Всушност, Извршниот одбор на Собранието на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија врз основа на член 71 став 2 од Уставот на Република Македонија ги моли овластените предлагачи за донесување на Закон да му предложат на Собранието на РМ да донесе закон за измена на чл. 23 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Пензиско и инвалидско осигурување ("Сл. весник на РМ "бр. 85/03) со следната содржина:

**Во чл. 23 зборовите „половина од 80" се заменуваат со бројката „80".**

Причини за донесување на предложениот Закон

Со чл.37 од Законот за ПИОМ ("Сл. весник на РМ" бр.80/93) беше пропишано усогласувањето на пензиите да се врши според просечните плати исплатени во Републиката во претходниот период. Со чл.29 од Законот за изменување и дополнување на овој Закон ("Сл. весник на РМ" бр.24/00) се изврши промена на начинот на усогласувањето на пензиите, така што се пропиша усогласувањето да се врши по два основи: Според индексот на порастот на дрошоците на живот за 80% и со 20% од порастот на просечните плати во Државата во передходниот период. Примената на оваа измена на посочената одредба на Законот за ПИОМ беше условена со престанокот на важењето на Законот за исплата на плати. Меѓутоа, со оглед на тоа што овој Закон сè уште е во сила, во 2003 година Собранието на РМ со чл.23 од Законот за изменување и дополнување на ЗПИОМ (Сл.весник на РМ бр.85/03), востанови систем на индексација на пензиите според порастот на просечно исплатените плати за 20% и според индексот на трошоците на живот за половина од 80%.

Законодавецот очигледно не водел сметка при оваа измена дека таа одредба во Законот не ни почнала да се применува, т.е. не беше во правниот промет. Значи, се менувал закон што не беше во примена со кој се намалува процентот на усогласување од 80% на "половина од 80%"!? Тоа не значи ништо друго туку преполовување на правото на усогласување на пензиите по овој основ што е спротивно на начелото на Уставот на РМ пропишано со чл.34 според кој на граѓаните им се гарантира социјална сигурност. Со оваа промена на одредбата на законот за ПИОМ за усогласување на пензиите по овој основ, не се почитува Уставот.

Ваквата формулација на измената на чл. 29 од ЗПИОМ ("Сл.весник на РМ" бр.2 4/00) претставува грубо отстапување од правната практика и од законодавната техника.

Имено, се врши промена на одредба на закон кој не бил во примена, не бил дел од позитивното законодавство. А со непрецизната формулација на измената во Законот како да се сугерира дека половина од 80% е поутешно отколку 40%.

Во секој случај, ваквото решение не ја гарантира социјалната сигурност ни социјалната правда на оваа категорија граѓани.

Особено и поради очекуваното "олабавување" на монетарната политика во наредниот период. Повеќе од сигурно е дека ќе дојде до пораст на цените на електричната енергија, на катадневното покачување на цените на нафтените деривати, очекуваниот пораст на цената на парното греење, повеќе од јасно укажува дека ќе има "домино ефект" врз цените на "потрошувачката кошничка". Ако цените одат нагоре во наредните години и поради нужната нивелација со цените во земјите-членки на Европската унија каде што и ние очекуваме да се најдеме, тогаш со сигурност може да се предвиди дека нивото на жвотниот стандард на пензионерите драстично ќе се влошува. Факт е дека сега над 8% од вкупниот број корисници на пензија примаат пензија до 3.900 ден.(или помалку од 64 ев), а 47% примаат до 6.000 ден. односно помалку од 100 ев. Само околу 18% од вкупниот број пензионери примаат пензија над 10.000 ден. Највисокиот износ на пензија е 27.000 ден. Добиено е известување дека оваа иницијатива веќе е доставена до сите пратеници во Собранието на Република Македонија.

**СЗПМ**

XI РЕПУБЛИЧКИ ПЕНЗИОНЕРСКИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ ВО КРАНИ

## Забележителен спортски ентузијзам со дружење

Во присуство на околу 1.200 пензионери и гости на спортските терени на автокампот "Крани" на брегот на Преспанското Езеро на 9 септември се одржаа 11-ти по ред републички пензионерски спортски натпревари, а во организација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија.




Душко Шурбановски

На свеченото отворање на оваа традиционална спортска манифестација најпрвин говореше **Душко Шурбановски**, претседател на СЗПМ кој потсети на значењето на годинашново одбележување на 60-годишнината од формирањето на пензионерската организација во нашата земја, посакувајќи добро здравје и успех на учесниците на спортските игри.


ДимитарБузлевски

Градоначалникот на општина Ресен **Димитар Бузлевски** го истакна придонесот на оваа пензионерска генерација во развојот на Македонија и дека пензионерските прашања заслужуваат поголем респект од државата. Тој информираше и за постигањата и перспективите на Преспа со настојувањето меѓу првите во нашата земја да се оствари европскиот дух на живеење.

Собирот го поздрави и **Назим Дањани** во името на делегацијата на пензионерскиот синдикат од Подградец-Република Албанија, посакувајќи меѓусебната соработка постојано да се збогатува со нови форми и активности.

Од името на покровителот - Стопанска банка а.д. Скопје .XI Републички пензионерски спортски натпревари за отворени ги прогласи **Татјана Калајџиева**, секторски директор, напоменувајќи дека средбите се веќе видливо оформен систем на спортување и натпреварување меѓу пензионерите во нашата држава.

Потоа претседателот на Комисјта за спорт при СЗПМ **Ѓорѓи Трпчевски** ги покани спортистите да ги започнат натпреварите, апелирајќи за регуларност во спортувањето во духот на новиот правилник.



Во екипна и поединечна конкуренција се натпреваруваа 351 натпреварувач од кои 192 пензионери и 159 пензионерки и тоа во девет дисциплини: тегнење јаже, фрлање ѓуле, стрелаштво, пикадо, трчање, скок од место, шах, табла и домино. Спортскиот дух на натпревручачите од 40 здруженија на пензионери од нашата земја и овојпат дојде до полн израз. Навистина на средбата во Крани беа забележани извесни пропусти,особено со доделувањето на медалите на победниците на самото место на натпреварите, далеку од бројниот аудиториум. На централната бина единствено беа врачени подароци на најдобрите поединци во шах, пикадо и стрелаштво. За најдобар шахист на прва табла беше прогласен **Димитар Илиевски** од здружението на МВР-Скопје, а кај жените **Вера Трајковска** од Куманово. за најдобар стрелец беше прогласен **Ванчо Денков** од Штип, а стрелачка **Невена Костовска** од Охрид. Најдобар пикадо мајстор е **Димитар Тутковски** од Ресен. а пикадо мајсторка **Катица Боризовска** од Крива Паланка. Подароците на овие спортисти ги врачи **Спире Николовски**, потпретседател на Комисијата за спорт на СЗПМ. Најдобри севкупни резултати остварија спортистите од Здружението на пензионерите од Охрид кои го освоија преодниот пехар што им го врачи **Чедо Георгиевски**, секретар на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија.


Татјана Калајџиева

Во меѓувреме градоначалникот на Ресен Димитар Бузлевски приреди прием на раководствта на Сојузот на здруженијата.



За поздравување е фактот што од година во година спортскиот ентузијазам и желбата за натпреварување, рекреирање и дружење кај пензионерите постојано се зголемува.

**Драги Аргировски**

XI РЕПУБЛИЧКИ ПЕНЗИОНЕРСКИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ ВО КРАНИ

# Најдобри екипи и поединци











На спортските терени на автокампот "Крани" на брегот на Преспанското Езеро пензионерите од нашата земја се натпреваруваа во девет дисциплини и тоа во екипна конкуренција во шах, стрелаштво, тегнење јаже и пикадо и во поединечна конкуренција во трчање, фрлање ѓуле, домино, скок од место и табла.

Во сите дисциплини имаше силна и изедначена конкуренција. Сепак, првото место во **шах** мажи и златна медала освои екипата на здружението на МВР-Скопје, пред Штип и Кавадарци, а во женска конкуренција најдобри беа шахистките од Куманово, пред Карпош-Скопје и Штип.

Во **стрелаштво** мажи најдобри беа пензиоенрите од Штип, пред Охрид и Кочани, а кај жените првото место го освои екипата на Охрид, пред Кочани и Кавадарци.

Во **тегнење јаже** победија пензионерите од Гази Баба-Скопје, пред Делчево и Гостивар, а кај жените најдобри беа од Тетово, пред Кочани и Струмица.

Во **пикадо** - мажи првото место го освои екипата на Охрид, пред Струмица и Кратово, а во женска конкуренција Крива Паланка, пред Охрид и Прилеп.

Во поединечна машка конкуренција во **трчање** златната медала ја освои **Благој Станојков** од Куманово, сребрената **Илија Јакимов** од Велес и бронзената **Ѓорѓи Јованов** од Радовиш. Кај жените првото место го освои **Ленче Митевска** од Кратово, пред **Павлина Камчева** од Струмица и **Драгица Микова** од Кочани.

Во **табла** кај мажите најдобар беше **Павле Шлаков** од Ресен, пред **Бајрам Топаловски** од Кичево и **Гога Ангеловски** од МВР - Скопје. Кај жените

## Севкупен победник Здружението на пензионерите од Охрид и Дебарца

првото место го освои **Тодорка Савева** од Валандово, второто **Милевка Здравковска** од Пробиштип и третото **Блашка Агова** од Кочани.

Во **фрлање ѓуле** кај мажи и овој пат победи **Бранко Почи**



**ча** од Куманово, пред **Митко Богдановски** од Тетово и **Илчо Ристевски** од Ресен. Кај жените ѓулето најдолго го фрли **Јабланка Веселиновска** од Тетово, торото место го освои **Елена Апостоловска** од Куманово, а третото **Велика Илиевска** од Македонска Каменица.

Во **скок од место** се натпреваруваа само мажи, а златната медала ја освои **Ниикола Данев** од Неготино, сребрената **Томислав Паневски** од Куманово и бронзената **Павле Мисајловски** од Тетово.

Во **домино** - мажи најдобар беше **Димитар Стаменков** од Здружението на пензиоенрите од Ново Село, второто место го освои **Филип Филипвски** од Охрид и третото **Никола Порчи** од Крушево. Кај жените најдобра беше **Ангелина Цурева** од Делчево, сребрената медала ја освои **Мирјана Смилевска** од Гази Баба - Скопје, а бронезната **Олгица Поповска** од Гостивар.

Севкупен победник на XI Републички пензионерски спортски натпревари и освоју-



вач на пехарот е екипата на Здружението на пензионерите од Охрид, на второ место се пласира Здружението на пензионерите од Куманово, а на трето Здружението на пензионери од Тетово.

**Д. Аргировски**
**фото: В. Тануровски**











## МЕЃУРЕГИОНАЛНА ПЕНЗИОНЕРСКА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ ВО СТРУМИЦА

# Во духот на изворни и староградски песни за спомен на младоста




Фото: Марјан Киров













Во организација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија на 22 септември во Центарот за култура "Антон Панов" во Струмица се одржа Меѓурегионална ревија на песни, музика и игри со учество на фолклорни ансамбли, пејачки групи и инструменталисти на здруженијата на пензионерите од Берово, Виница, Делчево, Злетово, Кочани, Кратово, Лозово, Пробиштип, Радовиш, Свети Николе, Струмица и Штип.




Од името на домаќинот на оваа манифестација најпрвин говореше **Тома Спасов**, претседател на Извршниот одбор на Здружението на пензионерите на Струмица, кој даде краток вовед за значењето на пензионерските ревии, кои се одржуваат веќе четврта година. Посакувајќи им на учесниците да се чувствуваат како свои меѓу своите, тој нагласи дека ревиите од година во година сè повеќе се збогатуваат со нови форми и содржини и со сè поголем број учесници.

Од име на локалната самоуправа оваа манифестација ја поздрави претседателот на Советот на општината Струмица **Зоран Ристов**, кој на пензионерите им посака долг живот и успех во продуцирањето на духовната храна, како што се песната, орото и музиката. Разните облици на пензионерското самоорганизирање даваат неизбришлив впечаток на стремежот на пензионерите дека постојат и дека покрај годините можат да создаваат квалитетни музички и други манифестации.

Меѓурегионалната ревија на песни, музика и игри во Струмица за отворена ја прогласи претседателот на СЗПМ **Душко Шурбановски**, честитајќи го 20 септември Денот на пензионерите на Македонија и 60-годишнината од пензионерската асоцијација во нашата земја. Тој потсети дека првата ревија беше одржана во 2003 година во Пробиштип и дека ова е четврта година како пензионерите со успех организираат музички манифестации со сè поголема масовност и квалитет. Здружението на пензионерите од Пробиштип има пионерска улога во создавањето на оваа манифестација и поради тоа од името на Извршниот одбор на СЗПМ им се заблагодарувам, рече Шурбановски напоменувајќи дека КУД "Весели пензионери" за успешното презентирање на разни фестивали, добиваше награди, како што е прогласувањето за најуспешна фолклорна група на годинешниот фестивал "Илинденски денови" во Битола.

Со аплауз беа поздравени и настапите на сите учесници на Меѓурегионалната ревија на песни, музика и игра во Струмица. Најпрвин настапи пејачката група од Берово и соло пејачот Јован Шумански, кои традиционално оставаат убав впечаток, а пријатно изненадија претставниците на Виница, со нова облека и музика на гајди и кемане со изворни песни од овој крај. Со песна и игра се претставија и пензионерите од Делчево, а со изворна песна "Леле Јано, леле мила ќерко" во нова сценографска поставка настапија пензионерки од Злетово.

Интересен настап имаше и вокално-инструменталната група од Кочани, како и женското трио од Кратово, а од Лозово и овојпат учествуваше соло пејачот Тозо Милчев.

Со масовност и квалитетни изведби во траење од десеттина минути се претставија членовите на КУД "Весели пензионери" од Пробиштип, како и женскиот октет од Радовиш со изворни песни, игра и убава носија. Женско-вокално трио придружувано од кавали од Свети Николе настапи со овчеполски мелос, а крајот на оваа Меѓурегионална ревија заврши со успешен настап на пејачките групи од Струмица и Штип, кои достојно ја репрезентираа песната и музиката од источниот дел на Македонија.

Признанија за учетво на ревијата на претставниците на здруженијата им врачи **Андон Марковски**, потпретседател на СЗПМ.

Да напоменеме и тоа дека на 29 септември Меѓрегионална ревија на песни, музика и игри ќе се одржи и во Центарот за култура "Марко Цепенков" во Прилеп со учество во програмата на 15 здруженија на пензионери од другиот дел на Македонија. За тоа приказ ќе објавиме во наредниот број на "Пензионерски видици" на 27 октомври.

**Драги Аргировски**














МОЗАИК

# Достојно одбележување на Денот на пензионерите

Денот на пензионерите на Македонија 20 септември пригодно беше одбележан во повеќе здруженија на пензионерската асоцијација во нашата земја, што мина и во знакот на 60-годишнината од формирањето на пензионерската организација. Како што јавуваат нашите дописници секаде беше свечено и со потсетување на минатото и заложби за подобро утре.

Во **Кавадарци** покрај објавувањето на Информативен билтен посветен на растежот на пензионерската организација, беше реализиран конкурс за ликовни и литературни творби на тема "Баба и дедо" за учениците од основните училишта во општината. Во чест на празникот беше организирана пригодна изложба и доделени пофалници и награди. Воедно беше отворена и изложба на фотографии од активноста на пензионерите во изминатите неколку години. На свечената седница на Здружението пригоден збор за јубилејот одржа **Илија Пемов,** претседател на Извршниот одбор, а беше изведена и богата културно-уметничка програма на народна, забавна и сериозна музика и поезија.

Во чест на јубилејот со богата културно-уметничка програма се претставија и членовите на Здружението на пензионерите во **Гази Баба** во Скопје, а за значењето на пензионерското организирање и за активностите говореше претседателот на Извршниот одбор **Душан Перески.**

Во присуство на градоначалникот и други гости Денот на пензионерите достојно беше




одбележан и во **Струмица,** како и во **Штип,** каде пејачката група "Пензионер" и поетеси изведоа успешно културно-уметничка програма. Откако претседателот на здружението **Мишо Кралев** го честиташе шеесетгодишниот јубилеј на пензионерското организирање во Македонија, секретарот **Мичо Протогеров** поднесе пригоен реферат. Слично беше и во други градови.

Во **Гевгелија** беше организирана промоција на книгата "35 години -здружение на пензионери во општината" од пензионерот **Ристо Стамков,** што ја промовира претседателот на здружението **Драгиша Јовановиќ.** Празникот на пензионерите им го честита градоначалникот **Драги Делев** кој ја истакна соработката со пензионерите посебно годинава кога Гевгелија ја одбележува 120-годишнината од прогласувањето за градска населба.

На свеченоста во **Велес** соработката со пензионерската организација ја поздрави градоначалникот **Аце Коцевски,** а реферат за значењето на јубилејот поднесе претседателот на Здружението **Момчило Марковски**.

Во прекрасниот амбиент на Лесновскиот манастир со организирање еко-хепенинг пензионерите од Пробиштип го прославија јубилејот. Учествуваа пензионери од 15 здруженија од Источна Македонија, со музика, веселба и културно-уметничка програма на најмладите играорци од Злетово.

Во знакот на јубилејот минаа и 24-те "Културни средби на пензионерите од Југозападниот регион" што се одржаа во **Струга.** За значењето на јубилејот зборуваше претседателот на СЗПМ **Душко Шурбановски,** а пригоден реферат поднесе претседателот на Здружението на струшките пензионери **Ѓурица Ристевски**. На овие културни средби во хотелот "Дрим" учествуваа околу 700 пезионери од Прилеп, Демир Хисар, Крушево, Македонски Брод, Кичево, Дебар, Струга, Ресен и Битола.

**Д. Арг. Ф. Костадиновски, Т. Кус., Ц. Спасикова, М. Здравковска**

# Признание „Мајка Тереза" за Драги Аргировски



Во МАНУ на 5 септември на централното чевствување на денот на успокојувањето на големата хуманистка Мајка Тереза беа доделени признанија за хуманост. За истакната хуманитарна активност и како еден од основачите на граѓанската асоцијација "Скопјанката Мајка Тереза" добитник на престижното признание е и **Драги Аргировски,** доајен на македонската журналистика и уредник на "Пензионерски видици". Признанието му го врачи **Љупчо Мешков,** министер за труд и социјална политика во Владата на Република Македонија.

Аргировски како новинар, публицист и хуманист се истакнува со својата хуманост, солидарност и човечност, афирмирајќи го ликот, делото и мисијата на единствената нобеловка и идна светица Мајка Тереза во нејзината родна земја - Македонија.

Драги Аргировски е роден на 17 март 1939 година во Куманово, каде завршува гимназија, потоа новинарска школа во Белград и дипломира на Филозофскиот факултет во Скопје.

Со новинарство започнува уште во гимназиските денови, а професионално од 1 септември 1960 година е во првото телевизиско јадро на РТС, од самото раѓање на македонската телевизија. Автор е на првиот телевизиски прилог на македонски јазик и ги поминува сите степени на новинарската професија од соработник, репортер и коментатор, до помошник на главен и одговорен уредник на Информативната програма на МТВ, директор на "Стопански весник" и долгогодишен уредник на ТВ дневникот, а се пензионира на функцијата помошник генерален директор на Македонска Радиотелевизија за програмски прашања. Така, за четири децении професионално ангажирање во новинарството станува еден од бардовите на МРТВ, мошне ценет новинар, публицист и хуманист.

Беше секретар и претседател на Републичката конференција на Сојузот на резервните воени старешини на Македонија и на други значајни општествени функции и истакнат долгогодишен активист на Црвениот крст.



Во својата богата новинарска кариера Драги Аргировски има подготвено голем број осврти, колумни, интервјуа, белешки и репортажи со хуманитарна содржина за кои има добиени многу награди и признанија, меѓу кои годишна награда на МТВ, наградата "Крсте Мисирков" на Здружението на новинарите на Македонија, "Златно перо на хуманоста" на Црвениот крст на Македонија, Ноемвриската награда за публицистика и други.

Минатата година во весникот "Нова Македонија" по негови проекти и уредување започна и излегувањето на два значајни месечни прилога "Пензионерски видици" и "Скопски некрополи", што се прогласени за редакциски потег на годината. Постојан е колумнист на престижното списание "Економија и бизнис".

Аргировски е познат и како автор на 14 публицистички дела меѓу кои: "Од визии до стварноста и нови чекори", "Траги за иднината", "Одмерување на аргументи" и "Неговото височество пензионерот".

Секако признанието "Мајка Тереза" за нашиот Драги Аргировски ќе значи нов поттик за хуманитарна и журналистичка активност.

**К.П.**

ФОТО ВЕСТ

# Клуб на пензионери во Аеродром

Во чест на државниот празник 8 септември, Денот на независноста на Република Македонија во населбата "Јане Сандански" општина Аеродром во Скопје беше предаден во употреба современ клуб на пензионери. Свеченоста ја отвори и гостите ги поздрави претседателот на Огранокот на пензионерите Иван Цветановски, а за значењето на ваквите зафати и можноста за дневен престој на пензионерите зборуваше претседателот на Извршниот одбор на Здружението на пензионерите на "Кисела Вода" Петар Стојановски. Клубот свечено го предаде во употреба претседателот на Собранието на Здружението Доне Тодоровски. Новите простории, украсени со благодарници и признанија на огранокот, ќе овзможат поголемо дружење на пензионерите, играње шах, домино и табла, следење на ТВ програми и дневниот печат."





фото:Томе.Манов



Се чувствува потреба од отворање клубови на пензионери и во други делови на општината.

**Д.А.**

ИЗБОР

# Гавро не ги дружи битолските пензионери

Околу 18.000 пензионери од Битола останаа дома, наместо да се дружат со пензионерите од цела Македонија кои во автокампот "Крани" на Преспанското Езеро ги одржаа 11-тите Републички пензионерски спортски натпревари, со кои годинава ја одбележаа 60-годишнината од основањето на Пензискиот фонд на Македонија и пензионирањето на првите работници. Битолчани не дојдоа и годинава бидејќи Гавро Пановски, претседателот на битолското Здружение на пензионери и потпретседател на Управниот одбор на Фондот за пензиско-инвалидско осигурување на РМ, од пред четири години одлучи битолското Здружение да истапи од Сојузот, како што вели неговиот претседател Душан Шурбановски, "без образложение".

"Гавро беше и член на Собранието на Сојузот, но, ете, по негова волја, истапи. Ни испрати одлука за раздружување, без да не извести за тоа три месеци претходно, како што стои во Статутот, и без да ги образложи причините за таквата негова одлука. Нема објаснување, а се прашувам дали битолските пензионери знаат за тоа. Зар тие не сакат да се дружат со пензионерите од другите градови,со овие луѓе. Гавро не се дружи, не се меша, а пензионрите во Битола изгледа не ги ферма", вели Шурбановски.

**ВЕСТ - М.П.**